Бр./Nr 12-2597/3
15-10-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата под број 12-2597/1 од 30.09.2025 година, со наводи за вршење притисок на гласачи, за Локални избори 2025 година од страна на --------, Директор на ОУ "---------" с. -----, Општина --------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека за наводите изнесени во пријавата надлежен орган е Јавното обвинителство поради што ДКСК постапувајќи по член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја достави пријавата заради понатамошно надлежно постапување на Комисијата во Јавното обвинителство за следење на евентуални изборни нерегуларности.

Предметот со број 12-2597/1 од 30.09.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 30.09.2025 година, поднесена е пријава со сомневање за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори, 2025 година и оформен е предмет број 12-2597/1.

Предметните наводи се однесуваат на сомневање за непочитување на законската регулатива за спроведување на изборниот поцес во 2025 година, односно дека директорот на ОУ "-------" с. --------, Општина ------- - ---------, во својство на одговорно лице на училиштето, вршела притисок врз вработените, со

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

испраќање на пораки преку група на платформата Вибер, во која членувале наставниците и друг персонал од училиштето, за нивно присуство на организиран партиски собир – митинг. Согласно наводите од пријавата, на посочениот собир се вршела промоција на еден од учесниците во изборниот процес – Локални избори 2025 - -------- и на советничката листа, на која и таа самата била кандидат за советник на општината.

Исто така, се посочува дека директорката упатувала закани до вработените ангажирани со договор на определено време, дека истите нема да им бидат продолжени на лицата кои нема да присуствуваат на закажаните партиски собири и доколку не го дадат својот глас за посочениот кандидат за Градоначалник на Општина --------- и за советничката листа во која таа била кандидат за советник.

Во однос на пријавените наводи ДКСК постапувајќи согласно член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во кој е уредено дека: *„Доколку Државната комисија дознае или има основи за сомневање за поткуп при избори и гласање, односно за давањето или ветувањето подарок или друга корист за себе или за друг, на избирач при избори или гласање на референдум, за да гласа или да не гласа или да гласа за определен кандидат или определена одлука, за тоа без одлагање писмено ќе го извести надлежниот јавен обвинител“*, пријавата ја достави до Комисијата во Јавното обвинителство за следење на евентуални изборни нерегуларности, при Јавното обвинителство на РСМ.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК